## 2.3. Пласмани и каматни стапки на банките

*Вкупните пласмани на банките, во јуни 2003 година беа повисоки на месечна основа за 1,4%*

Во јуни 2003 година, банките продолжија со финансиска поддршка на економијата, преку понатамошно интензивирање на кредитната активност. Така, вкупните пласмани на банките кај недржавниот сектор[12], во јуни 2003 година забележаа месечен пораст од 1,4%. Притоа, кредитирањето во домашна валута беше повисоко за 1,0%, а кај девизните пласмани беше регистрирано интензивирање на месечната стапка на пораст, која изнесуваше 3,8%. Во однос на истиот месец од претходната година, вкупните пласмани на банките беа повисоки за 2,8%.

Графикон 22
Пласмани на банките
(во милиони денари)




*Умерено зголемување на денарските пласмани...*

Во јуни 2003 година, денарските пласмани на банките остварија умерен месечен пораст од 1,0%, при што беа регистрирани позитивни квалитативни поместувања. Така, во рамките на краткорочните пласмани беше намален износот на сомнителни и спорни побарувања. Воедно, регистрирано е и интензивирање на долгорочното кредитирање на претпријатијата, како значаен извор на финансирање на инвестиционата активност. Индиректна поддршка на економската динамика, банките обезбедуваат и преку понатамошно интензивирано долгорочно кредитирање на населението за станбена изградба и за други намени. Во согласност со ваквите движења, во јуни 2003 година во рочната структура на денарските пласмани беа регистрирани поволни поместувања во насока на зголемено учество на долгорочните пласмани (месечен пораст од 1,4 процентни поени). Од секторски аспект, учеството на секторот претпријатија и секторот население изнесува 79,2% и 20,7%, соодветно (намалување од 0,7 процентни поени и пораст од 0,8 процентни поени, соодветно). На годишно ниво (јуни 2003 година / јуни 2002 година), денарските пласмани се повисоки за 3,3%.

*...при поинтензивен пораст на девизните пласмани*

Девизните пласмани на банките, во јуни 2003 година беа повисоки на месечна основа за 3,8%. Интензивираната месечна динамика на пласманите во странска валута главно се должи на краткорочното кредитирање на претпријатијата врз основа на користени странски кредити и во помал обем на кредитите одобрени на краток рок за плаќање на тековни обврски и финансирање на инвестициони работи во странство. Од рочен аспект, во јуни 2003

---

[12] Од април 2003 година, пласманите на банките се прикажуваат според сметководствена состојба и сите споредби се однесуваат на сметководствената состојба (претходно беше презентирана фактичката состојба, која се разликува од сметководствената состојба за извршени соодветни корекции за отпишани побарувања и прекнижувања кај банките).

година учеството на краткорочните пласмани изнесуваше 45,3% и беше повисоко на месечна основа за 1,4 процентни поени. Од секторски аспект, речиси целокупниот износ на девизни пласмани е алоциран во секторот претпријатија (96,8%). Меѓугодишната динамика на девизните пласмани, во јуни 2003 година беше негативна (меѓугодишен пад од 0,3%).

Графикон 23
Пондерирани каматни стапки и маргини на банките*




*Се однесуваат на денарски кредити и депозити.

*Продолжува намалувањето на активните и пасивните каматни стапки на банките*

Каматната политика на банките и во јуни 2003 година продолжи да се прилагодува на поставеноста на монетарната политика и движењата на каматните стапки на пазарот на пари. Така, во јуни 2003 година краткорочната просечна пондерирана активна денарска каматна стапка изнесуваше 15,8% (месечно намалување од 0,7 процентни поени). Имајќи го предвид идентичното намалување во претходниот месец, вкупното намалување на просечната пондерирана активна денарска каматна стапка, по намалувањето на каматните стапки на НБРМ изнесува 1,4 процентни поени. Намалувањето е резултат на каматната политика на неколку банки, што сигнализира повисок степен на конкурентност во банкарскиот систем. Воедно, во јуни 2003 година беше регистрирано намалување на просечната пондерирана пасивна каматна стапка (се однесува на тримесечен денарски депозит). Така, таа изнесуваше 7,5% и беше пониска на месечна основа за значителни 1,2 процентни поени. Ваквите движења резултираа со повторно проширување на каматните маргини за 0,4 процентни поени (во јуни каматната маргина изнесуваше 8,3 процентни поени). Просечната пондерирана каматна стапка на краткорочните девизни пласмани остана непроменета и изнесуваше 7,9%.

**Значително зголемување на берзанската активност во вториот квартал од 2003 година**

Во вториот квартал од 2003 година е регистриран висок пораст на обемот на тргување на берзата на долгорочни хартии од вредност. Имено, вкупниот берзански промет достигна 3.092,5 милиони денари, што е за 4,6 пати повеќе во споредба со претходниот квартал. Зголемувањето на прометот е резултат на повисокиот промет на сите сегменти, при најзначаен пораст регистриран на неофицијалниот пазар (за 11,6 пати), на кој е реализиран и најголем дел од вкупниот промет (2.056,2 милиони денари, или 66,5%). Прометот на официјалниот пазар достигна 725,4

милиони денари, односно 23,5% од вкупниот промет, што е за 80,9% повеќе во однос на обемот на тргување реализиран во претходниот квартал. Останатиот дел од прометот отпаѓа на тргувањето со акциите и уделите во сопственост на државата (7,7%) и на тргувањето со конвертибилни сертификати издадени од државата за регулирање на побарувањата на штедачите од пропаднатите штедилници (2,3%), а обемот на тргување на овие два сегмента е зголемен за 5,3 пати и за 41,1%, соодветно. Притоа, 2.231,7 милиони денари, или 72,2% од вкупниот промет се реализирани во блок трансакции*, а нивната вредност е зголемена за 10 пати во однос на претходниот квартал. Во вториот квартал се реализирани 485 трансакции повеќе во однос на претходниот квартал, во приближно идентичен број на денови на тргување. Притоа, на крајот на јуни 2003 година на официјалниот берзански пазар котираа вкупно 100 друштва. Набљудувано по месеци, највисок промет од 1.923 милиони денари е реализиран во јуни 2003 година, што претставува највисок месечен обем на тргување реализиран од почетокот на 2003 година.

Берзански промет и берзански индекс (МБИ)




Во првата половина од 2003 година, во однос на истиот период од 2002 година реализираниот берзански промет е повисок за 90,8% и изнесува 3.766,3 милиони денари. Притоа, и во првата половина од 2003 година најголем дел од прометот е реализиран на неофицијалниот пазар (59,3%), а највисок пораст оствари тргувањето на официјалниот пазар (за 2,8 пати). Порастот на официјалниот пазар е резултат на значително поголемиот број на котирани компании, како и на започнатото тргување со државните обврзници за денационализација на овој сегмент од берзата. Во набљудуваниот период, вкупниот број на трансакции е зголемен за приближно една третина. Притоа, реализираните блок трансакции сочинуваат 65,2% од вкупниот берзански промет во првата половина од 2003 година, при што нивната вредност е за 2,6 пати повисока во однос на истиот период од 2002 година.

Во текот на вториот квартал од 2003 година берзанскиот индекс (МБИ) бележеше континуирано намалување, со што се одржуваше под иницијалната вредност и на крајот на јуни 2003 година изнесуваше 995,2 поени.

* Берзански трансакции во кои се истргувани најмалку 10% од вредноста на претпријатието (основна главнина), или е реализиран промет над 5.000.000 денари.
*Извор: Македонска берза на долгорочни хартии од вредност.*